Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат од село Калуѓерица до село Подареш КО Подареш, општина Радовиш.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 3827/1 дел | Подареш | Комсали | нива | 3 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 828м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1640/1
24 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

**864.**

Врз основа на член 11 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03. 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14 и 138/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.2.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ КИЧЕВО**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, бр.02-298/1-5/1, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 9.02.2015 година.

2.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1647/1
24 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**865.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014 и 25/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.2.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА „МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ“ – СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје, број 02-177/1-3, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата одржана на 5.2.2015 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1680/1
24 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**866.**

Врз основа на член 11 став (1) алинеја 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, 41/2014 и 115/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.2.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности број 01-548/8 од 30.1.2015 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за катастар на ндевижности, на седницата одржана на 30.1.2015 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1699/1
24 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**867.**

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија” бр.8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.2.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЈАВНАТА КНИГА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ**

Член 1

Се запишува правото на сопственост на недвижни ствари – објекти кој се наоѓа на:

- КО Кисела Вода 1, адреса првомајска во Скопје на КП 1086, број на зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 700,02 м2, помошни површини 2.78 м2,

број на зграда 2, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 446,85 м2,

број на зграда 4, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 347,32 м2,

број на зграда 5, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 41,82 м2,

број на зграда 6, намена на зграда и друг објект В4-8, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 377,58 м2,

број на зграда 8, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 70,47 м2,

број на зграда 9, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 138,35 м2,

број на зграда 9, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 2, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 89,17 м2,

број на зграда 10, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда П, вкупна внатрешна површина 7.90 м2,

број на зграда 11, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 71.83 м2,

број на зграда 11, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 2, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 71.94 м2,

број на зграда 12, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 144.18 м2,

број на зграда 14, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 2, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 39.65 м2,

број на зграда 14, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 3, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 33.68 м2,

број на зграда 15, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 114.97, помошни простории со вкупна внатрешна површина 3.43 м2,

број на зграда 16, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда Г, вкупна внатрешна површина 31.74 м2,

број на зграда 16, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 2, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда П, вкупна внатрешна површина 24.27 м2,

број на зграда 17, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда Г, вкупна внатрешна површина 23.32 м2,

број на зграда 18, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда Г, вкупна внатрешна површина 16.38 м2,

број на зграда 19, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда Г, вкупна внатрешна површина 16.82 м2,

број на зграда 20, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда П, вкупна внатрешна површина 15.55 м2,

број на зграда 24, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП, вкупна внатрешна површина 106.24 м2,

во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-2194/1
24 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**868.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 7 алинеја 9 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08, 26/13 и 39/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.2.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РОМАНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО ТЕМИШВАР**

1. Се отповикува Раду Дан Михаеску, од местото Почесен конзул на Република Македонија во Романија, со седиште во Темишвар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 26/1
24 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**869.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 7 алинеја 9 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08, 26/13 и 39/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.2.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, СО СЕДИШТЕ ВО БЈЕЉИНА**

1. Се отповикува Стојан Давчев, од местото Почесен конзул на Република Македонија во Босна и Херцеговина, со седиште во Бјељина.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 28/1
24 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**870.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 61 став 1 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08, 26/13 и 39/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.2.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО НАРОДНА ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА АЛЖИР, СО СЕДИШТЕ ВО АЛЖИР**

1. Се именува Атман Гидуче за Почесен конзул на Република Македонија во Народна Демократска Република Алжир, со седиште во Алжир.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 30/1
24 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**871.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 61 став 1 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08, 26/13 и 39/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.2.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА БАНГЛАДЕШ, СО СЕДИШТЕ ВО ДАКА**

1. Се именува Тафсир Мохамед Авал за Почесен конзул на Република Македонија во Народна Република Бангладеш, со седиште во Дака.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 32/1
24 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**872.**

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 156/10, 59/12, 187/13 и 41/2014) Владата на Република Македонија на седница, одржана на 24.2.2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2015 ГОДИНА**

Член 1

Во член 2, точка а) подточката 2, се менува и гласи:

„2. Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми: Утрехт, Истанбул, Хелсинки, Брисел, Софија, Белград, Берлин, Москва, Лондон, Гетеборг,Токио, Келн, Римини, Париз, Скопје и други саеми, инвестициски форуми и конференции за привлекување на инвестиции во хотелиерството, угостителството и ресторатерството, а со цел подобра и зголемена угостителска услуга во туризмот – Берлин IHIF, Лондон HOTT&E и други, како и разни туристички роад шоуа за привлекување на туристи и инвестиции, согласно потребите и барањата на туристичкото стопанство и Владата на Република Македонија.

Се наменуваат 20.000.000,00 денари. "

Член 2

Оваа програма влегува во сила наредниот ден, од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-2117/1
24 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**873.**

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 155/14), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13 и 177/14), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13 и 151/14), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13 и 188/13) и член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08, 116/10 и 23/13), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.2.2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2015 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 200/14) во делот I во ставот 1 табелата се менува и гласи:

| Број на мерка | Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 1.800.000.000,00 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 53.000.000,00 |
| | Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството) | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 20.000.000,00 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 2.000.000,00 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство | 10.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 10.000.000,00 |
| 7. | Материјални трошоци за спроведување на Програмата | 15.000.000,00 |
| 8. | Пренесени обврски од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од претходните години | 4.350.000.000,00 |
| | Вкупно | 6.260.000.000,00 |

Во делот II износот "3.113.000.000,00" се заменува со износот "1.800.000.000,00".

Во делот III износот "2.100.000.000,00" се заменува со износот "53.000.000,00".

Во делот VI износот "150.000.000,00" се заменува со износот "10.000.000,00".

Во делот IX износот "850.000.000,00" се заменува со износот "4.350.000.000,00".

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" .

Бр. 42-2205/1
24 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**874.**

Врз основа на член 76 став (1) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/2012, 25/2013, 93/2013, 44/2014 и 160/2014), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 17.2.2015 година донесе

**Т А Р И Ф Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ И КОНЦЕСИИ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И КОНЦЕСИИ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**

Член 1

Во Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 65/2014 и 157/2014) во членот 4 став (1) во делот А по точката 6 се додава нова точка 7 која гласи:

7. „Концесионери кои се јавни установи во државна сопственост или земјоделски задруги кои користат геотермална вода да плаќаат надоместок во износ од 1,5 ден/м3".

Член 2

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-812/1
17 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**875.**

Врз основа на член 23-г став (3) и член 23-ј став (2) од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13 и 29/14), министерот за економија, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА БОДИРАЊЕ НА ПРВИОТ И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД ИСПИТОТ ЗА ОВЛАСТЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ОВЛАСТЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот за овластен стечаен управник и формата и содржината на уверението за положен испит за овластен стечаен управник.

Член 2

(1) Во првиот дел од испитот точниот одговор на прашањата се бодира со два бода, сличните одговори со точниот се бодираат со еден бод, неточниот одговор во мал обем се бодира со нула запирка пет, а неточниот одговор во голем обем со нула бода. Максималниот број на освоени бодови изнесува 100.

(2) Во вториот дел од од испитот точниот одговор на прашањата се бодира со пет бода, со два бода и со еден бод во зависност од точноста на одговорот. Сите членови од комисија од соодветната област вршат бодирање на одговорените пет прашања, при што се пресметува просечна вредност на освоени бодови за секое прашање. Максималниот број на освоени бодови за секоја од практичните прашања изнесува 100.

Член 3

(1) Уверението за положен стручен испит за овластен стечаен управник се издава на хартија во бела боја во А-4 формат.

(2) Уверението од став (1) на овој член ги содржи следните податоци:

- грб на Република Македонија:
- назив на Република Македонија:
- Министерство за економија:
- зборовите: „Врз основа на член 23-ј од Законот за стечај министерот за економија издава";
- презиме, татково име и име на кандидатот;
- датум на раѓање;
- место на раѓање;
- назив на училиштето каде се стекнал со пријавеното образование;
- датум на издавање на свидетелството/дипломата;
- датум кога е положен испитот;
- број и датум на издавање на уверението и
- место за печат и потпис на министерот за економија.

(3) Формата и содржината на уверението од став (1) на овој член се дадени во Прилог бр.1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 15-1741/1
26 февруари 2015 година
Скопје

Министер за економија,
**Беким Незири**, с.р.

Прилог бр. 1

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 23-Ј од Законот за стечај, министерот за економија издава

# УВЕРЕНИЕ
## ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ОВЛАСТЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК

_____ роден / а на _____ година, во
(презиме, татково име и име на кандидатот) (датум на раѓање)

_____, со стручна подготовка во _____ и
(место на раѓање) (назив на училиштето каде се стекнал соодветното образование)

Свидетелство/диплома издадено на _____ година.
(датум на издавање на свидетелството / дипломата)

На _____ година кандидатот го положи стручниот испит за
(датум кога е положен испитот)
овластен стечаен управник со: _____ .

Бр. _____ година
Скопје

Министер за економија

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**876.**

Врз основа на член 26-б став 10 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13 и 164/13 и 151/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го издава следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ**

Со ова решение се овластува УКЛО НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН-Прилеп, со седиште на улица Кичевска б.б.-Прилеп подружница на Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола, научно-образовна установа од областа на тутунското производство, за изработка на прашањата од првиот и вториот дел од испитот за добивање на лиценца за процена на тутунот согласно Законот за тутун и тутунски производи.

**Образложение**

УКЛО НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН-Прилеп, со седиште на улица Кичевска б.б.-Прилеп достави барање за овластување на научно-образовна институција од областа на тутунското производство со број 03-4/1 од 12.01.2015 година. Во прилог на барањето достави тековна состојба од Централен Регистар на Република Македонија и записник бр.09-47/18 од 20.01.2015 година од Државен инспекторат за земјоделство- П.Е Прилеп со кои докажува дека УКЛО НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН-Прилеп, со седиште на улица Кичевска б.б.-Прилеп е подружница на Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола, научно-образовна установа од областа на тутунското производство која ги исполнува условите согласно член 26-б став 9 од Законот за тутун и тутунски производи.

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-591/3
6 февруари 2015 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков,** с.р.

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**877.**

Судскиот совет на Република Македонија согласно член 73 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006, 35/2008 и 150/2010) во врска со член 47 став 1 точка 1 од Законот за Судски совет на Република Македонија (“Службен весник на РМ“ бр.60/2006, 150/2010 и 100/2011), на ден 2.3.2015 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Зоран Михајловски, судија на Апелационен суд Скопје, по сопствено барање.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето – 2.3.2015 година.

Бр. 02-309/2
2 март 2015 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**878.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а согласно со член 20 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12 и 43/14), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА**

1. Во Одлуката за задолжителната резерва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/12, 98/13, 166/13 и 143/14), во точка 11 став 2, по зборот: „денари“ се додаваат зборовите: „,а на крајот на денот состојбата на сметката на банката треба да е најмалку еднаква на 50% од задолжителната резерва во денари.“.

По ставот 2, се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок на став 2 од оваа точка, врз основа на обврска која произлегува од друга подзаконска регулатива на Народната банка, состојбата на сметката на банката на крајот на првиот ден од периодот на задолжителна резерва треба да е најмалку еднаква на задолжителната резерва во денари.“.

2. Во точка 18 став 1, се менува и гласи:

„Народната банка пресметува и наплаќа законска казнена камата за неисполнување на задолжителната резерва од страна на банките и штедилниците:

- на неисполнетата просечна дневна состојба за целиот период на исполнување на задолжителната резерва, согласно точка 11 став 1 од оваа одлука;
- на неисполнетата состојба на крајот на денот, согласно точка 11 став 2 и 3 и точка 12 и 13 од оваа одлука.“.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 11 март 2015 година.

О. бр. 02-15/II-2/2015
26 февруари 2015 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

**879.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а во врска со член 19 став 1 точка 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12 и 43/14), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА БЛАГАЈНИЧКИТЕ ЗАПИСИ**

1. Во Одлуката за благајничките записи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/13), во точка 14, се додава нов став 4, кој гласи:

„Во случај на тендер со износи и при утврден ограничен износ на благајнички записи, банката е должна на крајот на денот на одржување на аукцијата на благајнички записи на сметката кај Народната банка да располага со средства најмалку во висина на задолжителната резерва во денари.“

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 11 март 2015 година.

О. бр. 02-15/II-3/2015
26 февруари 2015 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

**880.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12 и 43/14 ), точка 5, а во врска со точка 13 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ КОВАНА ПАРА**
**ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ**

1. Со оваа одлука се утврдуваат количината, формата, содржината и продажната цена за територијата на Република Македонија на кованата пара за колекционерски цели од серијата „Хороскопски знаци“, со име „Бик“.

2. Со оваа одлука се одобрува издавање на 7 000 (седумилјади) парчиња ковани пари за колекционерски цели „Бик“, изработени од сребро Ag925, со тежина на среброто од 21,00 г, чистота на среброто од 19,43 г, во овална форма со димензии 35 х 45 мм, полирани со 24-каратна златна меѓуоснова и вметнато тркалезно стаклење со димензии 18,4 х 6,1 мм.

3. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука ја има следнава содржина (апоен, ознака, белези):

- на аверсот е прикажана украсна композиција што претставува симбол на времето, врз основа на Сонцето, Месечината и ѕвездите коишто го опкружуваат песочниот часовник. Сонцето е насликано со злато на вметнато сино тркалезно кобалтно стаклење (низ целото стаклење). На горниот дел од кованата пара е прикажан грбот на Република Македонија. По должината на периметарот, на двете страни, се прикажани симболите на осумте планети од Сончевиот систем коишто покрај Сонцето и Месечината влијаат на хороскопските знаци (Меркур, Венера, Марс, Јупитер, Сатурн, Уран, Нептун и Плутон). Исто така, по должината на периметарот се прикажани натписите: „Република Македонија“ и „10 денари“ на македонски јазик, како и годината на издавање „2015“ и ознаката „Ag925“.

- на реверсот, на левата страна е прикажана слика на глава на бик со три ѕвезди на челото. Левиот рог на бикот е поставен под вметнатото кружно кобалтно стаклење на коешто е отпечатено сосѕвездието на хороскопскиот знак „Бик“.

На долниот дел е претставен симболот на хороскопскиот знак „Бик“ отпечатен на цвет, како и името на овој знак на латински јазик. Целата композиција е опкружена со цветен украс, по должината на периметарот.

Одредени елементи на релјефот (вклучувајќи го и симболот на хороскопскиот знак „Бик“, роговите, ѕвездите на челото и делумно цвеќињата) се насликани со злато.

4. Продажната цена по која Народната банка ги продава кованите пари за колекционерски цели на територијата на Република Македонија претставува збир од вкупните трошоци за ковањето (цената на металот, производството и пакувањето), промоцијата, продажбата, дистрибуцијата и провизијата.

5. Гувернерот на Народната банка одлучува за количината на кованата пара за колекционерски цели којашто ќе се продава и ќе се дистрибуира надвор од територијата на Република Македонија и на територијата на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 02-15/II-4/2015
26 февруари 2015 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

**881.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12 и 43/14) и точка 5 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК КОВАНА ПАРА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ**

1. Со оваа одлука се пушта во оптек кована пара за колекционерски цели од серијата „Хороскопски знаци“, со име „Бик“, со белезите утврдени во Одлуката за издавање на кована пара за колекционерски цели О бр.02-15/II-4/2015 од 26 февруари 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/15).

2. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука се пушта во оптек со денот на објавувањето на Одлуката за пуштање во оптек на кована пара за колекционерски цели О бр.02-15/II-5/2015 од 26 февруари 2015 година во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 02-15/II-5/2015
26 февруари 2015 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**882.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 13.2.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Бањско-Вон-град, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Струмица.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Бањско-Вон-град, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Бањско-Вон-град.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 09-2423/1
13 февруари 2015 година
Скопје

Директор,
**Славче Трпески** с.р.

**883.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 13.2.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Раборци, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Струмица.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Раборци, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Раборци.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-2424/1
13 февруари 2015 година
Скопје

Директор,
**Славче Трпески** с.р.

**884.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 13.2.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Кисела Вода-2, која е во надлежност на одржување на Центар за катастар на недвижности Скопје.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Кисела Вода-2, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Кисела Вода-2.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-2425/1
13 февруари 2015 година
Скопје

Директор,
**Славче Трпески** с.р.

**885.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 17.2.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Битола 1/2, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Битола.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Битола 1/2, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Битола 1/2.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-2644/1
18 февруари 2015 година
Скопје

Директор,
**Славче Трпески** с.р.

**886.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 17.2.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Кшање, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Куманово.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Кшање, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Кшање.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-2645/1
18 февруари 2015 година
Скопје

Директор,
**Славче Трпески** с.р.

**887.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 17.2.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Ново Село, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Куманово.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Ново Село, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Ново Село.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-2646/1
18 февруари 2015 година
Скопје

Директор,
**Славче Трпески** с.р.

**888.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 17.2.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Вепрчани, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Прилеп.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Вепрчани, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Вепрчани.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-2647/1
18 февруари 2015 година
Скопје

Директор,
**Славче Трпески** с.р.

**889.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 17.2.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Сушево, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Струмица.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Сушево, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Сушево.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-2648/1
18 февруари 2015 година
Скопје

Директор,
**Славче Трпески** с.р.

**890.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 17.2.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Три Води, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Струмица.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Три Води, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Три Води.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-2649/1
18 февруари 2015 година
Скопје

Директор,
**Славче Трпески** с.р.

**891.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 17.2.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Долни Балван, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Штип.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Долни Балван, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Долни Балван.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-2650/1
18 февруари 2015 година
Скопје

Директор,
**Славче Трпески** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**892.**

Врз основа на член 24 став 1 алинеја 5 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" број 39/2014 и 188/2014), а во врска со Извадокот од Нацрт-записникот од Педесет и шестата седница на Владата на Република Македонија, одржана на ден 17.2.2015 година, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 24.2.2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

I

Се поништува Планот за намена на радиофреквенциски опсези во Република Македонија донесен од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 10.11.2014 година заведен под наш број 0201-1306/3, а објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 171 од 20.11.2014 година поради тоа што не се запазени одредбите од член 123 став 1 од Законот за електронски комуникации („Сл. весник на РМ" бр.39/2014 и 188/2014).

II

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавување на истата во „Службен весник на Република Македонија"..

III

Оваа одлука е конечна.

**Образложение**

Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе План за намена на радиофреквенциски опсези во Република Македонија број 0201-1306/3 од 10.11.2014 година.

Истиот беше објавен во „Службен весник на РМ“ број 171 од 20.11.2014 година.

Поради тоа што не е е постапено согласно одредбата од член 123 став 1, од Законот за електронските комуникации („Сл. весник на РМ“ бр.39/2014 и 188/2014) односно не е запазена процедурата за негово донесување, а постапувајќи по заклучокот донесен на Педесет и шестата седница на на Владата на Република Македонија, одржана н ден 17.2.2015 година, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука да се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 0201-306/5
25 февруари 2015 година
Скопје

Директор,
**Роберт Орданоски**, с.р.

---

# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**893.**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 13 став 3 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14) и член 15 став 1 алинеја 7 и член 39 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.8.2014 година, во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-1466/8 од 27.2.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 7-та седница одржана на 27.2.2015 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на кој радиодифузерите се должни на сопствената програма да ги објават податоците за своето работење и снимка од објавената содржина да достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Член 2

Радиодифузерите имаат обврска да ги објават податоците за:

- сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување,
- одговорниот уредник/уредници и
- изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично).

Член 3

Податоците од член 2 од овој Правилник радиодифузерите се должни да ги објават во ударни термини на сопствената програма, и тоа:

- ТВ станиците на национално ниво пред емитување на главните вести
- ТВ станиците на регионално и на локално ниво пред емитување на главните вести или на некоја друга емисија што се емитува во ударен термин и
- радиостаниците на национално, регионално и на локално ниво во периодот од 15:00 до 16:00 часот.

Член 4

Радиодифузерите се должни податоците од член 2 од овој Правилник да ги објават најмалку три пати во текот на годината, и тоа:

- Првиот пат најдоцна до 31 март,
- Вториот пат најдоцна до 30 јуни и
- Третиот пат најдоцна до 31 октомври.

Член 5

Радиодифузерите се должни во рок од 15 дена од денот на објавување на податоците, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достават снимка од објавената содржина како доказ дека ја исполниле обврската.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1567/1
27 февруари 2015 година
Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот,
**Лазо Петрушевски**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2015030